*Локална установа библиотека*
*„Благој Јанков Мучето“*
*Ул. Благој Мучето бр. 26 2400 Струмица*
*Тел. 034/349-040, 034/349-042*
*www.bibliotekastrumica.org.mk*
*email: bibliotekastrumica@yahoo.com*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на
## ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
## „БЛАГОЈ ЈАНКОВ МУЧЕТО“ - СТРУМИЦА
## за 2021 година



**Струмица, 2022**

Извештај за работата на Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето" Струмица за 2021 година е законска обврска согласно член 35 од Законот за култура. Финансирањето на дејноста на локалните библиотеки кои се обезбедува на начин и постапка утврдени со закон, библиотеката до Советот на Општина Струмица и до Министерството за култура доставува извештај за работа и финансиски план, според член 14 од Закон за библиотеки и член 13 од Статутот на ЛУБ„Благој Јанков Мучето" - Струмица.

## ***Вовед***

Со извршувањето на програмските задачи во библиотеката се настојуваше успешно да го оствари она кон што се стреми – значаен културен и информативен центар на локалната заедница. Во таа насока се работеше на истражување, набавка, собирање, стручна обработка, заштита, чување, информирање и давање на користење на библиотечниот материјал и редовно се појавуваше како издавач на дела на роднокрајни автори. За да се задоволат потребите од одреден вид библиотечен материјал кон корисници, посебно внимание се посветуваше на комплетирањето на библиотечните фондови преку следењето на издавачката продукција, како и популаризацијата и достапноста на книгата до секого, со цел да се побуди интересот кај потенцијалните корисници за ова културно богатство. Тековните активности на библиотеката, според Програмата, се реализирани во библиотеката во Струмица и во библиотеката клон во с. Муртино. Освен услугите што претставува основна дејност на библиотеката, сé повеќе се наметнува потребата од следење на современите текови во библиотечната работа на глобално ниво. За таа цел, се следеа светските текови во библиотекарството, анализа на потребите на самите корисници, како и презентација на услугите на сите можни нивоа.

Во библиотеката се вршеше континуирана набавка, донација од министерство за култура на нови наслови, донација од автори, започнувајќи од фондот на одделот за деца, преку лектирните изданија и слободна литература, фонд во оддел за возрасни корисници, набавка на лектири за средношколците, сé до белетристиката и публицистиката.

Посебно внимание се посветуваше и на стручната литература и овозможување нејзина употреба за поголем број корисници. Проектот "Автоматизација на библиотеките " продолжува и тој се спроведува според предвидената динамика. Со негова помош се овозможува премин на целосна дигитална обработка на книжниот фонд со што истиот е поедноставно достапен до сите корисници, независно дали се членови на библиотеката или им е потребна информација за книжниот фонд што го поседува самата библиотека.

Интензивно се работеше на ревизија на книжниот фонд, а во ревизијата беа вклучени сите вработени.

Согласно систематизацијата се работните места и одделите кои постојат во библиотеката:

- Оддел за позајмување книги и услуги за возрасни
- Оддел за позајмување книги и услуги за деца
- Оддел за комплетирање на книжен фонд
- Оддел за библиотечни процеси
- Оддел за роднокрајна збирка и библиографии
- Оддел за стручна обработка на периоднични публикации
- Оддел за стручна обработка на монографски публикации
- Оддел за деца и возрасни во подрачна единица с. Василево
- Оддел за деца и возрасни во подрачна единица с. Муртино
- Оддел за популаризација на книгата
- Оддел за издавачка дејност
- Оддел за дигитализација и микрофилмување
- Административна служба
- Помошно-техничка служба

**Вработени во Локална установа библиотека "Благој Јанков Мучето" - Струмица**

| Ред. број | Име и презиме | Квалификација | Работно место |
|---|---|---|---|
| 1 | Тања Гошева | Библиотекар советник | ДИРЕКТОР<br>Оддел за роднокрајна збирка и библиографии |
| 2 | Снежана Џорлева | Библиотекар | Оддел за стручна обработка на периодични публикации |
| 3 | Наташа Василевска - Трајчевска | Виш библиотекар | Оддел за деца |
| 4 | Нада Витанова | Самостоен библиотекарски помошник | Оддел за возрасни |
| 5 | Аница Глигорова - Милева | Библиотекар советник | Оддел за стручна обработка на моногравски побликации |
| 6 | Гонца Запрова Анастасова | Библиотекар | Оддел за популаризација |
| 7 | Милкица Масева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за издавачка дејност |
| 8 | Ани Катранџиева | Библиотекар | Библиотекар во оддел за библиотечни процеси |
| 9 | Весна Заева | Библиотекар | Оддел за деца |
| 10 | Васка Кирова | Библиотекар | Оддел за возрасни |
| 11 | Тони Николов | Библиотекар | Оддел за возрасни и деца во подрачна единица с.Муртино |
| 12 | Емилија Ружинова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за дигитализација и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | микрофилмување |
| 13 | Милена Јованова | Библиотекар | Библиотекар во оддел за комплетирање на книжен фонд |
| 14 | Саветка Ристоманова | Правник | Помлад соработник за административни општи и правни работи |
| 15 | Денис Мустафов | Информатичар | Виш соработник за информатички работи |
| 16 | Драга Бјадова | ССС | Референт благајник |
| 17 | Љуба Поп Алексова | ССС | Домакин |
| 18 | Андон Цветанов | ССС | Хаус-мајстор |

ЛУБ “Благој Јанков-Мучето” работи според COBISS програмата.

Упис, пребарување, промена на податоците или на бројот на членската карта, бришење на податоците за членот, пакетно бришење на податоците за неактивни членови,

- Зајмување книжен материјал надвор од библиотека или во читалница и негово враќање, резервација на слободен и зајмен материјал, резервација на книги за користење во читалница, продолжување на рокот за зајмување книга и промена на датумот на истекување.
- Пребарување на материјалот, увид во неговата состојба (дали е слободен или зајмен, податоци за членот кој ја зајмил книгата, рокот на враќање, список на резервации итн.) и внес на забелешки за материјалот,
- Поставување на параметрите на зајмувањето (временски параметри, календар, начин на зајмување, ценовник, ограничување на зајмувањето и други параметри),
- Одвоено водење евиденција на зајмувањето по одделенија и меѓуодделенско зајмување на книгите (за библиотеките за кои зајмувањето е организирано по одделенија),
- Електронско известување на членовите за претстојно изминување на рокот за зајмување, за претстоен прием на опомена, за пристигнат резервиран материјал, изминување на важењето на резервацијата и изминување на членството,
- Поддршка на трајните резервации на сериските публикации,
- Изработка на опомени,
- Систем на финансиско работење со можности за рачно или за програмско евидентирање на побарувања, намирување на побарувањата (готовинско или неготовинско), заклучување на благајна, испис на различни потврди за членовите итн.

## ***Работа во оддел за информатика***

- Локален администратор на Електронски систем за јавни набавки

- Администратор на Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)

- Поднесување пријави на конкурси објавени од Министерството за култура на Република Северна Македонија

- Лице за посредување со информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер А.С.П.И.
- Изработка на Годишен извештај за слободен пристап на информации од јавен карактер
- Дизајнирање, одржување и ажурирање на веб страницата на библиотеката,и социјалните мрежи (facebook, instagram)
- Внесување и ажурирање на подотоци за вработени од институцијата во системот Информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)
- Поправка на компјутерите и компјутерската межа во институцијата, инсталирање на софтвер за поврзување COBISS.
- Одржување на фискален апарат
- Изработка на годишна табела со податоци за потошената електрична енергија, природен гас и вода.
- Учество на обука за информациониот систем за управување со човечки ресурси (ИСУЧР)
- Учество на обука за информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

## ***Библиотечни услуги***

Уписите во библиотеката во 2021 година и позајмувањата на фондот со којшто располага институцијата се резултат на пакетот услуги што ги нуди библиотеката.

**Пакет на услуги**

- позајмување книги ( од библиотеката и од други библиотеки преку меѓубиблиотечно позајмување );
- позајмување CD и DVD од фондот на библиотеката;
- користење читалница;
- користење детско катче;
- користење Интернет и помош при Интернет пребарување;
- помош при пополнување формулари, испраќање електронска пошта, скенирање документи, печатење и фотокопирање;
- промоции на книги, книжевни настани, саем на книги;
- изложби;
- изнајмување опрема за презентации ( ЛЦД проектор );

- соработка и организирање на различни активности со училиштата, НВО, други јавни институции од општината и други општини.

Библиотечниот материјал се позајмува за период од 15 дена, со можност за продолжување од уште 10 дена кога се работи за лектирно издание. CD, DVD дисковите и детските играчки се издаваат на ден. Читателите можеа да извршат продолжување и резервирање на библиотечниот материјал по телефон или преку електронска пошта.

Факт е дека во библиотеката се зачленети деца од предучилишна возраст, лица со попреченост, зачленети се и социјални категории со бесплатен упис.

Исто така, значителен е и интересот на корисниците за време на корона на другите услуги како што се: годишен упис кога се работи за индивидуален корисник, семеен пакет за две лица, семеен пакет за повеќе од две лица, групен упис за повеќе од десет лица во основните училишта. Можност за користење стручна литература и весници, како и за сите оние коишто побарале помош при изработка на есеи, дипломски и магистерски трудови и за други потреби поврзани со работата на библиотеката, и меѓубиблиотечна позајмица со други библиотеки.

**ДОПОЛНИТЕЛНИ УСЛУГИ дел од работата во библиотеката и тоа:**

**Релакс агол** користејќи ги насловите во библиотеката и пратејќи ја политиката на издаваштвото, библиотекарот советува за одредени наслови кои му помагаат на читателот да дојде до мирен живот- книгата е пред се релакс.

**Младинска услуга** за средношколците, на кои им се помага за одредени проекти во однос на одреден предмет проект да го пребарат преку одреден наслов - одредена тема користејќи интернет.

**Библиотеката постои за корисникот**- а што можете Вие да сторите за неа?

**Нема втора шанса за прв впечаток**.

**Библиотеките претставуваат рај на земјата. Борхес**

## ОДДЕЛ ЗА КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КНИЖЕН ФОНД

Основната работа во одделот за комплетирање на книжен фонд е изготвување на списоци и правење нарачка од издавачките куќи и водење на евиденција на литературата којашто влегува и излегува од библиотеката.

Во текот на годината беа нарачани 48 нови наслови од издавачките куќи: Сакам Книга, Матица, Антолог и Култура, а како подарок се евидентирани 965 наслови, дел од нив подарок од НУБ „Св.Климент Охридски„ Скопје, Министерство за култура на Р.С.Македонија, Општина Струмица, роднокрајни автори,подарок на автори од други гардови, читатели итн.

Евидентирање на книжниот фонд на стари ретки книги од 18, 19, 20 век до 1945 год, вкупно евидентирани 593 книги, литература од роднокрајни автори, евидентирана литература од 175 роднокрајни автори, но и литература на странски јазик, евидентирани 471 книга од француска литература.

Учество во реализацијата на проектот за конзервација и реставрација на стари ретки книги одобрен од Министерство за култура, реставрирани 241 книга.

Учество во отписот на оштетените и застарени книги и ревидирање на библиотечна граѓа којашто не беше ревидирана.

Учество во подготовка на статистиката на донирани и набавени книги од 2016 до 2020 година во детско и возрасно одделение.

Учество во одбележувањето на денот на Европската Унија.

Учество и изготвување на проекти од Конкурсот објавен од Министерство за култура за 2022 година.

Учество на 48 годишно собрание на БЗМ, излагање на тема „Библиотеките во време на пандемијата на Ковид-19".

## ***Оддел за стручна обработка на монографски публикации 2021 год***

Во 2021 година во одделот за стручна обработка на монографски публикации се внесени во програмата COBISS3 вкупно 1.114 наслови или 1.761 библиотечна единица.

Поединечно по оддели: во одделот за возрасни внесени во програмата COBISS3 се 845 наслови или 1.386 библиотечни единици, во одделот за деца 198 наслови или 303 библиотечни единици, а во роднокрајниот оддел внесени во програмата COBISS3 се 71 наслов или 72 библиотечни единици.

Заради барањата на книжен фонд за читателите во подрачната библиотека во Муртино извршен е пренос на 151 книга во COBISS3 од одделот за деца и возрасни во библиотеката во Муртино.

Во 2021 година се изврши отпис на библиотечниот материјал кој беше ревидиран во претходните години. Отписот траеше од 5.1.2021 до 25.04.2021 година. Отпишани беа вкупно 1.557 библиотечни единици.

Поединечно по оддели:

-во одделот за возрасни отпишани се 793 библиотечни единици од кои 115 се отпишани во програмата COBISS3

- во одделот за деца отпишани се 764 библиотечни единици од кои 101 се отпишани во програмата COBISS3.

При рутинска проверка на кутиите во кои беа сместени библиотечните единици за отпис се пронајде и библиотечна граѓа која не беше ревидирана. Тие библиотечни

единици беа ревидирани од 12.2.2021 до 8.3.2021 година. При извршената ревизија се утври дека од детскиот оддел дополнително се ревидираа 2.178 библиотечни единици, а во возрасниот оддел 310 библиотечни единици, или вкупно 2.488 библиотечни единица.

Учество на работилница за нормативна контрола во Радовиш.

Вадење на статистика по Барање за пристап до информации од јавен карактер за набавени (купени) книги/дела за 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година. Во Барањето од Министерство за култура на Р.С.Македонија беше наведено листата да содржи име на делото, име на авторот, цена на делото и издавачка куќа од кое што тоа е издадено. Листа на донирани книги/дела во библиотеката за 2016, 2017, 2018, 2019 и 2020 година. Во барањето беше наведено листата да содржи име на делото, име на авторот, издавачка куќа во кое што е издадено, како и евиденција од кого е донацијата.

Списоци со библиографски записи кои се заведени како дупликати во заемната база на податоците COBIB.MK испратени од НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Центар ВБМ. Во 2021 година се изврши пренос на библиотечната граѓа заради одржувањето на квалитетот на библиографските бази со разрешување на дупликат-запис и негово бришење од локалната база и преземање на соодветниот запис од COBIB.

Следење на процесите во системот COBISS3, изнаоѓање на грешки и аномалии и вршење исправка на истите, но истовремено и изнаоѓање и на други решенија за успешност во развојот на библиотечно-информацискиот систем.

Успешно реализирање на добиен проект од национален интерес во културата од областа на визуелните уметности за 2021 година од Министерството за култура на РСМ „3Д-витруелна прошетка низ библиотеката“.

Соработник на проекти од национален интерес во културата финансирани од Министерството за култура на РСМ за 2021 година.

Коавтор на монографијата „75 години постоење на библиотеката во Струмица“.

Учество на меѓународни конференции со стручен труд од областа на библиотекарството организирани од Библиотекарското здружение на Македонија и Втор форум на библиотечната унија на земјите од ЦИЕ и НР Кина.

## Одделот Периодика

Во текот на 2021 год. во Одделот за периодика, евидентирани се, односно внесени во COBISS вкупно 522 свески. Вкупен број на наслови кои се евидентирани, се 65 наслови на периодични публикации, списанија и дневен печат. Според статистичкиот преглед од електронскиот пребарувач, вкупен број на сите внесени единици е 88 единици.

Од вкупниот број на внесени библотечни единици в COBISS, на дневен печат и ревии, според наслови, во текот на минатата година, прегледот изгледа вака:
1. „Нова Македонија“ внесени се 283 библиотечни единици

2. „Вечер“---------------------------- 283 библотечни единици

3. „Слободен печат“--------------- 283 библиотечни единици

4. „Службен весник“-------------- 303 библиотечни единици

5. „Фокус“--------------------------- 51 библиотечни единици

ВКУПНО: 1203 библиотечни единици

Во текот на изминатиот период, за кој се изработува извештајот, во COBISS, во Одделот периодика, исто така, изработени се 25 нови електронски записи, или поточно наслови на периодични списанија, со превземање од заедничката база COBIB.MK, кои се претежно списанија на албански и турски јазик. Тука не се работи за периодични списанија кои прв пат излегуваат, туку тие излегувале неколку години претходно, а за прв пат се депонираат во нашата библиотека. Набавување, потпечатување, обработка и чување на весниците и периодичните списанија е дел од секојдневната работа на овој оддел. На сите нови периодични публикации е извршен прием и техничка обработка, исто така и стручната обработка, со доделување на соодветен кобис број. По доделувањето на кобис бројот, примероците од списанија и дневен печат се наредени на рафтовите во Одделот Периодика по формат и тоа: I, II, III и IV формат.

Од табеларниот преглед, даден е приказ, според статистичките податоци од електронската база, како варира бројот на обработени библиотечни единици, во последните три години, со оглед на тоа што, Ковид пандемијата имаше одраз врз специфичните услови за работа. Но, не е забележано ниеден застој во динамиката на печатење или излегување на периодичните списанија или пак на дневните весници, кои се набавуваат и депонираат во Одделот перодика.

Следува табеларниот приказ, во последните три години:

| | 2020 | 2020 |
|---|---|---|
| | | |
| *Изработени списанија и дневен печат* | 39 | 88 |
| *Вкупно изработени библиотечни единици* | 284 | 1203 |

Во овој Оддел се чуваат и депонираат и периодични списанија, од различни области, кои излегувале еден период, а потоа престанале да се печатат. Претежно се од областа на литературата и се работи за македонски периодични публикации.

При спроведување на рационализација на просторот во којшто се чуваат периодиката и весниците, а кој се` повеќе се стеснува заради порастот на фондот на библиотеката, од Одделот за периодика ќе се оттуѓат весници што веќе немаат тековност, а библиотеката не е депозитна и не е обврзана да ги чува. На ова се

надоврзува и фактот што за истите весници со години не се пројавува никаков интерес од страна на корисниците, а доколку се појави интерес, со меѓубиблиотечно позајмување корисникот преку нашата библиотека ќе добие услуга во НУБ „Св.Климент Охридски“ Скопје која, како матична установа, е задолжена и депозитна за чување весници и списанија.

За таа цел, согласно погоре наведеното, направени се записници за размена и оттуѓување на дневниот печат од 2019 година и тоа со наслови: „Нова македонија“, „Вечер“, „Слободен печат“ и „Службен весник“, кои записници ќе бидат доставени до другите библиотеки во државата и во НУБ „Климент Охридски“ Скопје, со цел за понатамошно процесуирање на овој библиотечен материјал.

## *3. РОДНОКРАЕН ОДДЕЛ*

Во роднокрајното одделение збогатено, збир од 72 монографски публикации. Во 2021 година во ова одделение се прибираше роднокраен материјал од роднокрајни автори, но тој книжен материјал не се издава, се чува во библиотеката. Творештво се комплетира, стручно се обработува и се дава на користење како библиотечен материјал на корисниците само во читалницата на библиотеката. Роднокрајниот фонд во текот на 2021 година е збогатен со нови наслови од роднокрајни струмички автори тоа дава добра можност за презентација на културното наследство, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ се појави како издавач на каталогот на слики од Роза Мојсовска кој како проект беше финансиран од Министерство за култура на Р.С.Македонија за 2021 година и промовиран со делата кои се наогааа во каталогот, во годината кога Струмица беше прогласен за град на култура. Во 2021 год се издаде Монографија 75 години ( 1946-2021 год) постоење на библиотеката во Струмица. На 137стр [главен и одговорен уредник Тања Гошева].- јубилејно издание - Струмица: ЛУБ „Благој Јанков Мучето„2021год,илустр.118,табели14;21см
Се изврши конзервација и реставрација на 241 книга, проект финансиран од Министерство за култура на Р.С.Македонија, од збирката на редок библиотечен материјал 593 стари и ретки книги кои ги поседува ЛУБ„Благој Јанков Мучето„Струмица,книги од крајот на 18,19и 20 век до 1945 година.- монографски публикации, Магистерски и докторски дисертации на роднокрајни автори.

Тука се наоѓаат и примероци од некнижен библиотечен материјал: покани, постери, каталози, плакати и др.

Од постојниот фонд во електронскиот каталог се внесени 71 наслов на книги во 2021 год. Овие наслови се креирани или преземени, но се целосно дополнети со локални податоци за да може да им бидат достапни на читателите. Станува збор за публикуван материјал што според авторството или содржината, му припаѓа на овој оддел. Насловите се обработени според нормативите на СОРД (стандард за организација на роднокрајна дејност) и се внесени во COBISS фонд системот. Во роднокрајниот оддел посебно внимание се посветува на збирката и се настојува постојано да се надополнува, преку комуникации со бројни автори. Во соработка со издавачката дејност роднокрајното одделение ги чествува роднокрајните творци и се јавува како издавач на роднокрајни автори.

Организатор на манифестација „Средба под јаворите – Видое Подгорец“, ЛУБ„Благој Јанков Мучето„ Струмица, Општина Струмица, ИК Просветно дело Скопје за најдобар Библиотекар во 2021 год.
Изработен и испечатен каталог на Роза Мојсовска по одобрен проект одобрен од Министерство за култура
-промоција на каталог на Роза Мојсовска
-учество на работилница Нормативна конрола во Радовиш со добиен сертификат, предавачи од НУБ„Св. Климент Охридски„ Скопје
-учество со труд на 48-то Собрание на Библиотекарското друштво на тема: **Библиотеките во време на пандемијата на Ковид-19** учество со труд Библиографија на трудовите на Видое Подгорец, по повод организираната манифестација „Средба под јаворите„.
-Коавтор на монографија 75 години од постоењето на библиотеката во Струмица, финансирана од Министерство за култура на Р.С.Македонија
11 декември Промоција на монографија 75 години од постоењето на библиотеката во Струмица

## ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во периодот од 5.1.2021 до 25.4.2021 година, се изврши отпис на библиотечниот материјал кој беше ревидиран во претходните години.

Во текот на 2021 година се работеше во комисии за литературни конкурси: Комисија за доделување награди по повод распишаниот литературен конкурс со наслов „Миротворецот“, посветен на прерано загинатиот претседател Борис Трајковски, што се одржа на 25 јуни 2021 година; Комисија за доделување награди по повод распишаниот литературен конкурс „Животот и делото на херојот Благој Јанков Мучето“, што се одржа на 14 јули 2021 година; Комисија за доделување награди по повод распишаниот литературен конкурс посветен на Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици, што се одржа на 10.12.2021 година.

На 2 јули 2021 година, со вработените од роднокрајниот оддел, од одделот за популаризација и одделот за дигитализација, се направи краток омаж на литературен опус на роднокрајниот автор Љубен Ташковски, настан како дел од програмата Струмица град на културата 2021 год.

Во месец август, со вработените од роднокрајниот оддел, од одделот за популаризација и одделот за дигитализација, се организира книжевен портрет на роднокрајната авторка Наташа Василевска Трајчевска.

Промовирање на „Каталогот на слики од Роза Мојсовска“ (со превод на англиски и италијански јазик), што се одржа на 30.9.2021 година.

Учество во изработка на текст за дејноста на одделот за издавачка дејност по повод јубилејното издание на монографијата „75 Години постоење на библиотеката во Струмица“.

Учество на Меѓународната конференција на БЗМ (21.12.2021 г.), со труд на тема „*Библиотеките како инструменти на културни методи*“, со цел придонес во збогатувањето и издигнувањето на библиотекарската дејност на повисоки рамништа.

## Оддел за дигитализација и микрофилмување

Во 2021 година се изврши отпис на библиотечниот материјал кој беше ревидиран во претходните години. Отписот траеше од 5.1.2021 до 25.04.2021 година. Отпишани беа вкупно 1.557 библиотечни единици. При рутинска проверка на кутиите во кои беа сместени библиотечните единици за отпис се пронајде и библиотечна граѓа која не беше ревидирана. Тие библиотечни единици беа ревидирани од 12.2.2021 до 8.3.2021 година.

Во текот на целата 2021 година се работеше на техничка обработка на новите купени книги, на подарените и на книгите донирани од Министерството за култура на РС Македонија. Потпечатување на библиотечен материјал од областа на медицината изработени од 2017 година. Изработување на видеозаписи и фотозаписи за новиот библиотечен материјал и за сите одржани тековни активности во библиотеката.

Работа на пулт поради замена на возрасно одделение.

Годишен извештај за Возразни одделение – Струмица за 2021 г.

| Месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прва година | 44 | 59 | 32 | 27 | 19 | 16 | 16 | 13 | 20 | 39 | 34 | 33 |
| Втора година | 45 | 47 | 42 | 42 | 35 | 21 | 25 | 18 | 53 | 52 | 35 | 36 |
| Трета година | 67 | 76 | 80 | 79 | 60 | 54 | 36 | 39 | 57 | 71 | 87 | 34 |
| Четврта година | 28 | 32 | 35 | 42 | 36 | 21 | 31 | 28 | 33 | 45 | 73 | 42 |
| Студенти | 29 | 32 | 60 | 50 | 44 | 36 | 61 | 73 | 67 | 71 | 74 | 70 |
| Невработе ни | 67 | 60 | 61 | 69 | 62 | 72 | 59 | 66 | 67 | 67 | 66 | 58 |
| Работници | 65 | 70 | 84 | 87 | 100 | 90 | 76 | 71 | 59 | 74 | 72 | 58 |
| Службени ци | 196 | 229 | 235 | 237 | 215 | 225 | 220 | 222 | 233 | 209 | 223 | 232 |
| Домаќинки | 4 | 3 | 5 | 2 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 4 | 2 |
| Пензионер и | 88 | 84 | 109 | 99 | 80 | 103 | 80 | 102 | 89 | 101 | 117 | 102 |
| Машки | 97 | 94 | 85 | 98 | 36 | 79 | 72 | 70 | 81 | 85 | 106 | 99 |
| Женски | 537 | 602 | 656 | 641 | 606 | 569 | 570 | 144 | 600 | 652 | 683 | 572 |
| Вкупно читатели | 634 | 696 | 741 | 739 | 679 | 648 | 642 | 214 | 681 | 737 | 789 | 671 |
| Изнајмени книги | 639 | 658 | 668 | 686 | 579 | 604 | 588 | 566 | 609 | 715 | 667 | 653 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Уписи | 66 | 58 | 45 | 42 | 27 | 27 | 30 | 34 | 48 | 60 | 64 | 54 |
| Бесплатни уписи | / | 1 | / | / | / | / | 1 | 1 | 1 | / | / | 1 |

## Годишен извештај за Детско одделение – Струмица за 2021 г.

| Месеци | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| забавиште | 6 | 7 | 7 | 9 | 11 | 9 | 12 | 15 | 13 | 6 | 14 | 18 |
| I одд | 1 | 3 | 1 | 3 | 7 | 1 | 3 | / | 1 | / | 1 | 2 |
| II одд | 23 | 18 | 15 | 11 | 19 | 12 | 24 | 38 | 20 | 15 | 57 | 86 |
| III одд | 29 | 16 | 19 | 15 | 13 | 13 | 44 | 50 | 19 | 35 | 56 | 100 |
| IV одд | 47 | 45 | 51 | 36 | 27 | 19 | 46 | 52 | 27 | 47 | 80 | 46 |
| V одд | 49 | 68 | 48 | 53 | 57 | 38 | 63 | 88 | 43 | 58 | 97 | 85 |
| VI одд | 49 | 36 | 48 | 32 | 41 | 19 | 34 | 44 | 30 | 64 | 56 | 70 |
| VII одд | 39 | 28 | 26 | 48 | 35 | 27 | 47 | 56 | 34 | 46 | 66 | 67 |
| VIII одд | 17 | 37 | 21 | 32 | 25 | 32 | 24 | 28 | 21 | 29 | 67 | 56 |
| IX одд | 8 | 20 | 10 | 10 | 4 | 7 | 9 | 14 | 37 | 30 | 32 | 32 |
| машки | 113 | 119 | 103 | 103 | 94 | 70 | 112 | 155 | 104 | 134 | 222 | 247 |
| женски | 158 | 159 | 141 | 146 | 150 | 98 | 194 | 230 | 141 | 196 | 304 | 315 |
| Вкупно читатели | 271 | 278 | 244 | 249 | 244 | 168 | 306 | 385 | 245 | 330 | 526 | 562 |
| Изнајмени книги | 189 | 195 | 160 | 164 | 152 | 134 | 261 | 322 | 143 | 253 | 317 | 303 |
| Уписи | 44 | 36 | 19 | 21 | 23 | 28 | 48 | 36 | 19 | 38 | 139 | 142 |
| Бесплатни уписи | 1 | 2 | 1 | 3 | / | 1 | 1 | 3 | 1 | / | 1 | 4 |

**Годишен извештај за работа од оддел за деца за 2021 година, во село Муртино**

| Извештај за 2021 | I одд | II одд | III одд | IV одд | V одд | VI одд | VII одд | VIII одд | IX одд | Машки лица | Женски лица | Возрасни лица | Вкупно книги | Уписи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари | | | | | | 1 | 1 | 3 | 5 | 10 | 9 | 8 | 19 | 3 |
| Февруари | | | | 10 | | | 1 | 8 | | 15 | 23 | 18 | 38 | 1 |
| Март | | | | 10 | | 2 | 1 | 4 | | 12 | 19 | 11 | 31 | |
| Април | | | 3 | 10 | | | 3 | 12 | | 23 | 34 | 22 | 57 | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Мај | | | 2 | | | 1 | 3 | 8 | | 16 | 16 | 14 | 32 | 2 |
| Јуни | | | 1 | 5 | | 1 | 2 | 5 | | 11 | 13 | 10 | 24 | |
| Јули | | | 1 | 1 | | | 3 | 2 | | 10 | 16 | 15 | 26 | 1 |
| Август | | | 1 | | | | 1 | 4 | | 8 | 12 | 14 | 20 | |
| Септември | | | | | | | 5 | | 4 | 7 | 9 | 7 | 16 | 7 |
| Октомври | | | | 1 | 11 | 13 | 12 | 3 | 2 | 16 | 41 | 10 | 57 | 19 |
| Ноември | | 1 | 1 | | 5 | 2 | 11 | 3 | 2 | 21 | 27 | 15 | 48 | 1 |
| Декември | | | | | 11 | 15 | 9 | 2 | 6 | 20 | 40 | 18 | 60 | 2 |
| Вкупно | | **1** | **9** | **37** | **27** | **35** | **52** | **54** | **19** | **169** | **259** | **190** | **428** | **36** |
| | | | | | | | | | | | | | | |

Вкупен број на членови кои ја посетиле подружницата во библиотеката во текот на 2021 година е 428, од кои деца – 238 и возрасни – 190.

Број на посетители по возраст: I одделение – 0; II одделение – 1; III одделение – 9; IV одделение – 37; V одделение – 27; VI одделение – 35; VII одделние – 52; VIII одделние - 54; IX одделние – 19 и возрасни – 190.Вкупно издадени книги: 428. Вкупно уписи: 36.

## ***5. Популаризација – културни манифестации***

Популаризацијата на книгата во Библиотеката се остварува преку промоции на книги, средби со писатели, литературни читања, организирани посети на Библиотеката за најмалите, изложби на книги, литературни конкурси, медиумски настапи, претставувања на најнови наслови и издавачки центри и сите други книжевни манифестации и настани во кои центар во етерот е книгата.

Меѓу многуте највитални и најпрепознатливи работни позиции во библиотекарството е организирањето на културни манифестации (изложби, предавања, промоции, работилници, итн.), грижа за односот со јавноста (медиумите), како и презентација на активностите на Библиотеката преку социјални мрежи.

**Јануари**

По повод големиот христијански празник Раѓање Христово Божиќ, ЛУБ “Благој Јанков Мучето“ традиционално на читателите им подаруваше книги со духовна содржина. Знаеме дека месец јануари е месец на многу празници и време кога поголем дел од нашите читатели се во домашен амбиент, за таа цел библиотеката преку социјалните мрежи секојдневно промовираше нови наслови за да се одржи континуитетот на читателите, а воедно и да ги запознаваме со новите наслови. Покрај новите наслови се промовираа и постари наслови, сè со цел и останатите луѓе кои не се наши членови да имаат претстава со што сè располага нашата установа.

**Наслови кои се промовираа на fb**

Пчелката планетарно чудо, Хари – Марсија Мури, Чудото на здивот – Димитрис Сотакис, Тесна врата – Оливера Николова, Исчезнување – Меги Стифвотер, Берта

Исла – Хавиер Маријас, Сула – Тони Морисон, Пациентот – Себастијан Фицек, Нечесна игра – Верица Митева.

**Февруари**

На 4 февруари, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица распиша Конкурс за литературна творба (поезија и проза) на тема **Карневалска магија.**

**Наслови промовирани на fb**

Историја на Византиската философија – Василиј Татакис, Калдрма – Слаѓана Ставрева, Кејт – Кети Никол, Последици – Нина Вајерс, Напишано со каење – Али Мартинез, Напишано со тебе – Али Мартинез, Јужњакот со сини очи – Лиса Клејпас, Избриши ги солзите – Линда Хауард, Невидлива убавина – Хармон Ејми, Тајната на Алексови – Наде Стојилковиќ, Сите цвеќиња во Париз – Сара Џио, Последната Камелија – Сара Џио, Изгубената ќерка – Џил Пол, Девојка од мал град – Лиса Клејпас, Очи од сребро, очи од злато – Елен О`конел, Еден незаборавен Божиќ – Лиса Клејпас, Новиот сопруг – Д.Џ.Палмер, Трагајќи по неа – Лиса Гарднер, Искра надеж – Џулијан Меклејн, Заколната на молк – Линда Кастиљо, Девојката од писмото – Емили Гунис, Совршена недомаќинка – Софи Кинсела, Страв од летање на 7А – Себастијан Фицек, Шума на спомените – Сем Лојд, Немата пациентка - Алекс Мајклидис, Колекционер на очи – Себастијан Фицек, Патник 23 – Себастијан Фицек, Вистинскиот за мене – Кејти Еванс, Совршеното дете – Лусинда Бери, Врати ме назад – Б.А.Парис, Жив Мртовец – Шерон Болтон, За тебе љубов моја – Милијана Павловска, Заробено срце – Милијана Павловска, Во виното е вистината – Милијана Павловска, До последен здив – Милијана Павловска, Бури во срцето – Милијана Павловска, 13 минути – Сара Пинбороу, Златниот час – Јона Греј, Царицата Екатерина – Елен Алпстен, Белата хризантема – Мери Лин Бракт, Исчезнатата – Тес Геритсен, Седум лаги – Елизабет Кеј, Дарбата на кројачката – Фиона Валпи, Последната девојка – Надија Мурад.

**Март**

**11 март** во ЛУБ „Благој Јанков Мучето се доделија награди од конкурсот за карневалот на тема **„Карневалска магија“.**

Во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица пристигнаа вкупно 45 творби и тоа: 30 творби во категорија ученици од 1-9 одделение; 6 творби во категоријата средни училишта и 9 творби во категоријата возразни автори. Комисијата при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица во состав:

Гонца Запрова Анастасова, библиотекар
Тања Гошева, библиотекар-советник
м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник

одлучија да се наградат:

**Во I категорија (основни училишта од 1-5 одд.)**

1. Никола Поп Трајков 4 одд. ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица
1. Дуле Крстев 4 одд. ООУ „Никола Вапцаров“ Струмица
2. Давид Стојчевски 5 одд. ОУ „Христо Узунов“ Охрид
2. Стефан Арламов 5 одд. ООУ „Гоце Делчев“ с. Вељуса
3. Сара Ингилизова 5 одд. ООУ „Гоце Делчев“ с. Вељуса

3. Александра Димитрова 3 одд. ПООУ „Маршал Тито“ с. Банско

**Во I категорија (основни училишта од 6-9 одд.)**

1. Катерина Трајкова 7 одд. ООУ „Гоце Делчев“ с. Босилово
2. Трајче Бансколиев 7 одд. „Видое Подгорец“ с. Колешино
3. Анастасија Андрашевска 7 одд. ООУ „Сандо Масев“ Струмица
4. Ване Гавровски 6 одд. ООУ „Гоце Делчев“ с. Босилово

**II категорија (средни училишта)**

1. Василија Ѓоргиева I клас СООУД „Димитар Влахов“ Струмица
2. Нада Георѓиева III клас СОУ „Јане Сандански“ Струмица

**Наградени со пофалници за учество (категорија – возрасни автори)**

1. Катерина Тасева с. Иловица
2. Марија Челебиева Струмица
3. Славица Андреева Струмица
4. Божана Тренческа Прилеп
5. Валентина Трајановска с. Двориште – Берово
6. Кристина Стаменова Струмица
7. Аница Елези Скопје
8. Сејфула Елези Скопје
9. Костадинка Витанова Струмица

На 19 март – чествување на светскиот ден на поезијата.

**Наслови промовирани на fb**

Стапица – Лилја Сигурдардотир, Девојчето што молчеше – Микаел Јорт, Ханс Розенфелт, Седум лаги – Елизабет Кеј, Куќата со жолтата фасада – Билјана Мартиновска, Маратонецот – Вилијам Голдман.

**Април**

По повод 1 Април денот на шегата и светскиот ден на литературата за деца, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ ја посетија деца од ЈГУД Детска радост Струмица и им се подарија сликовници.

По повод раѓањето на писателот Милан Кундера (Роден на 1 април 1929 во Брно, Чехословачка), во библиотеката беа изложени делата на Кундера.

На 14 април, традиционално одбележан денот на чествувањето на најплодниот писател за деца Видое Подгорец со изложба на неговите дела.

На 16 април, чествување по повод раѓањето на роднокрајниот автор Бранко Бјадов (16. 04. 1939 – 30. 12. 2006).

Светскиот ден на книгата и авторското право 23 април, прочитана македонската и светската порака. ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ го одбележа со подарок на книги на лицата со посебни потреби. Исто така и на секој читател што ја посети библиотеката му беше подарена книга, како и сликовници на дечињата во ЈОУГД „Детска радост“, Струмица.

**Мај**

На 14 мај, локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето” Струмица традиционално распиша конкурс по повод родениот ден на трагично починатиот претседател и сограѓанин Борис Трајковски на тема: „МИРОТВОРЕЦОТ“ (поетска и прозна литературна творба)

24 мај, чествување на сесловенските просветители и учители Св. Кирил и Св. Методиј, основачи на првата словенска азбука.

**Наслови промовирани на fb**

Го сокрив мојот глас – Сание Паринуш.

**Јуни**

Од 3 до 6 јуни пред ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица се одржа саем на книга, во соработка со дванаесет издавачки куќи од Р.С.Македонија

**25.06.2021** година се доделија награди по распишаниот конкурс за трагично починатиот претседател и сограѓанин Борис Трајковски на тема: **Миротворецот** (поетска и прозна литературна творба).

Во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица пристигнаа вкупно 4 творби и тоа: 1 творба во категорија ученици од 1-9 одделение и 3 творби во категоријата возразни автори. Комисијата при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица во состав:
Гонца Запрова Анастасова, библиотекар
Тања Гошева, библиотекар-советник
Милкица Масева, библиотекар

одлучија да се наградат:

**Прва категорија – ученици од основни училишта наградени се:**

1. Марија Донева, VI одд при ООУ „Борис Трајковски“ с. Моноспитово

**Трета категорија – возрасни автори:**

1. Славица Андреева – Струмица
2. Снежана Паноска – Прилеп

Доделувањето на наградите се одржа пред споменикот на Борис Трајковски.

**8 јуни**, по неколку години пауза, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ распиша награден конкурс по повод смртта на струмичкиот борец „Благој Јанков Мучето“ на тема **„ЖИВОТОТ И ДЕЛОТО НА ХЕРОЈОТ“**

**Јули**

На **2 јули,** како дел од програмата Струмица град на културата 2021 год., ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ ја чествуваше смртта на роднокрајниот автор Љубен Ташковски, со изложба на делата и читање на дел од неговото творештво.

**14. јули** се доделија награди по распишаниот конкурс за струмичкиот народен херој Благој Јанков Мучето, на тема:

„**Животот и делото на херојот“** (поетска и прозна литературна творба).

Во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица пристигнаа вкупно 3 творби и тоа: 2 творби во категорија ученици од 1-9 одделение и 1 творба во категоријата возразни автори. Комисијата при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица во состав:

Тања Гошева, библиотекар-советник

Гонца Запрова Анастасова, библиотекар

Милкица Масева, библиотекар

одлучија да се наградат:

**Прва категорија – ученици од основни училишта наградени се:**

1. Марија Николова 6 одд. при. ООУ „Видое Подгорец“ с. Колешино
2. Трајче Бансколиев 7 одд. „Видое Подгорец“ с. Колешино

**Трета категорија – возрасни автори:**

1. Божана Тренческа – Прилеп

Доделувањето на наградите се одржа пред бистата на Благој Јанков Мучето во градскиот парк Струмица.

**Наслови промовирани на fb**

Дланка полна бои – Сучен Кристин Лим, Како да заборавиш жена – Дан Лунгу.

**13 јули**, по повод патронот ден на библиотеката, беше промовиран проект на м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник. Проектот е финансиран од Министерство за Култура на Република Северна Македонија - **3D виртуелна прошетка низ библиотеката**.

**Август**

**24 август**, како дел од програмата Струмица град на културата 2021 год., ЛУБ "Благој Јанков Мучето“ одбележа Портрет на роднокрајната авторка м-р Наташа Василевска Трајчевска, виш библиотекар.

**Септември**

**29 септември** беше промовиран Каталог на слики од Роза Мојсовска. Настанот се оддржа во НУЦК„Антон Панов“ Струмица. Носител на проектот е Тања Гошева, библиотекар-советник, а Каталогот е финансиран од Министерство за култура на Република Северна Македонија.

**Октомври**

Учество на меѓународни конференции со стручен труд од областа на библиотекарството организирани од Библиотекарското здружение на Македонија и Втор форум на библиотечната унија на земјите од ЦИЕ и НР Кина.

**5 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на градинката ЈОУГ Детска Радост Струмица и им подари сликовници.

**6 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на првачињата од ООУ „Видое Подгорец“ на кои им се подари сликовници наменети за нивна возраст.

**7 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на првачињата од ООУ „Маршал Тито“ на кои им се подари сликовници наменети за нивна возраст.

**7 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на првачињата од ООУ „Никола Вапцаров“ на кои им се подари сликовници наменети за нивна возраст.

**8 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на градинката ЈОУГ Детска Радост с. Муртино клон 8 и им подари сликовници.

**8 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на првачињата од ООУ „Сандо Масев“ на кои им се подари сликовници наменети за нивна возраст.

**8 октомври**, по повод „Недела на детето“, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ беше во посета на подрачното училиште во село Бориево.

**8 октомври**, по повод „Недела на детето“ во посета на првачињата од ООУ „Маршал Тито“ Муртино на кои им се подари сликовници наменети за нивна возраст.

На 15 октомври одбележан - Меѓународниот ден на Белиот стап – симбол на слепиот човек. По тој повод ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ го чествуваше Хорхе Луис Борхес (1899 – 1986), еден од најпознатите и најзначајните латиноамерикански писатели. На Борхес – слепилото му помогнало да создаде нови литературни симболи преку својата имагинациј, а филозофските теми имаа огромен удел во пишувањето на Хорхе Луис Борхес.

**Ноември**

**Наслови промовирани на fb**

Човек од костени – Сорен Свејструп.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“, оваа година, по повод „Недела на грижа на старите лица“, се вклучи во одбележувањето на неделата за подигнување на свеста на населението за правата на старите лица, како и потребната грижа и помош на старите лица. По тој повод, за сите пензионери, што не се членови на библиотеката, промотивно понуди годишен упис од 100 денари.

**4 ноември**, традиционално по повод празникот на градот Струмица, Општина Струмица со Локалната установа библиотека „Благој Јанков Мучето“ Струмица распишаа конкурс за литературни творби посветен на Св. Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици.

Месец ноември беше посветен на посета на основните училишта во Општина Струмица. Целта на посетата беше да се запознаат со работата на библиотеката, а воедно и запишување групни членства на учениците.

**Декември**

**7 декември**, чествување по повод смртта на БЛАЖЕ КОНЕСКИ, СТОЖЕРНА ЛИЧНОСТ - БЕЛЕГ НА ЕПОХАТА.

**7 декември**, ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица ја посетија ученици од II одд. при ОУ "Сандо Масев" Струмица со наставничките Слободанка Појразова и Тинка Абрашева

**9 декември**, ЛУБ "Благој Јанков Мучето" Струмица ја посетија ученици од II одд. при ОУ "Сандо Масев" Струмица со наставничка Силвана Абрашева.

**10 декември**, доделување награди по повод распишаниот конкурс за литературни творби посветен на Св.Петнаесет Тивериополски Свештеномаченици и награди за најдобри читатели од одделот за возрасни и за деца. Во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица пристигнаа вкупно 27 творби и тоа:

11 творби во категорија ученици од 6-9 одделение, 7 творби во категорија средни училишта, 9 творби во категорија возрасни учесници. Комисијата при ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица во состав:

Гонца Запрова Анастасова, библиотекар
Тања Гошева, библиотекар советник
Милкица Масева, библиотекар

одлучи и до Комисијата за општествени дејности при Општина Струмица предложи да се наградат следниве кандидати:

**Во категорија основни училишта од 6-9 одделение**

1. Тамара Стојанова 8 одд., при ООУ „Видое Подгорец“ Колешино

1. Ване Гавровски, 7 одд., при ООУ „Гоце Делчев“ Босилово
2. Кирил Динов, 8 одд., при ООУ „Св. Кирил и Методиј“ Иловица

**Во категорија средни училишта**

1. Марија Витанова, IV-9 клас, при СОУ „Јане Сандански“ Струмица

**Во категорија возрасни творци**

1. Панче Ќосев, Струмица
2. Костадинка Витанова, Струмица
3. Сања Велкакова, Струмица

**11 декември**, одбележан 75 годишниот јубилеј, со промоција на монографијата **„75 години постоење на библиотеката во Струмица“**, проект на Тања Гошева, библиотекар-советник и коавтори:
м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник
Снежана Џорлева, библиотекар
м-р Милкица Масева, библиотекар
Гонца Запрова Анастасова, библиотекар
Збор за Монографијата **„75 години постоење на библиотеката во Струмица“**,
директор Тања Гошева, библиотекар-советник
Промотор Јелисавета Костадинова директор на НУБ„Св. Климент Охридски” Скопје.

**17 декември**, во ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ се одржа средба со Ксенија Маказлиева Трајчева, Виолета Танчева Златанова, роднокрајни автори и Наде Костадиновска Спасеновска, етнолог и учениците од ОУ „Сандо Масев“ Струмица со наставничките Анче Туфекчиева и Марија Тасевска Џонлага. На таа средба нашите гости ги претставија своите дела.

**17 декември**, чествување 100 години од раѓањето на големиот Блаже Конески (флеш моб).

**21 декември**, вработени од ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица земаа учество на **Меѓународната конференција на БЗМ**. Учесници: Тања Гошева библиотекар-советник, м-р.Аница Глигорова Милева библиотекар-советник, м-р Милкица Масева библиотекар, Милена Јованова библиотекар и Гонца Запрова Анастасова библиотекар.

**30 декември**, ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица им подари сликовници на првачињата од ООУ „Видое Подгорец“ Струмица, во присуство на учителката Верица Карагоцева. Сликовниците содржински се во согласност со возраста на учениците.

Директор

Тања Гошева, советник библиотекар